*Б. Јосифовска — Драгојевиќ*

# ДЕПО ФОЛЕСИ ОД С. МАРВИНЦИ

Монетите, кон чие публикување пристапуваме овде, потекнуваат од локалитетот Исар Кале кај с. Марвинци (северно од Гевгелија), каде уште во 1938 биле случајно пронајдени во нивата на Мите Стојанов, жителот од истото село. Меѓутоа, податоците за условите под кои тие биле откриени, како и самите монети, добиени се од Ристо Костадинов, кој, барајќи камен за изградување на својата куќа, ги пронашол прибрани во едно мало грне што било ставено во друго, поголемо. Во 1957 година од околу 200 монети, колку, наводно, содржело грнето, за Историската збирка на градот Гевгелија биле предадени само 118 примероци[1]. Депоата на монети, без обзир на нивната големина, никогаш не се без извесен научен интерес, па токму затоа и го објавуваме ова со единствена цел да не остане и понатака непознато.

Депото се состои главно од големите фолеси на системот на Диоклецијана, чија тежина, со незнатни исклучоци, во овој случај осцилира од 9 до 12 грамови, а дијаметарот од 26 до 29 милиметри. Сочувани се доста добро. Кај голем број од нив има остатоци од сребренесто-бела навлака, а кај некои е сочуван и fleur de coin. Се разбира дека има и неколку примероци што се силно оштетени.

Од императорите застапени се: Диоклецијан, Максимијан Херкулиј, Галериј Валериј и Констанциј Хлор — значи императорите од Првата тетрархија, а од ковниците: Антиохија, Александрија, Кизик, Тесалоника, Трачка Хераклеја, Рим, Аквилеја, Картага, Сисција и Тицинум.

Императорските бисти на аверсот од монетите во сите егземплари се предадени во десен профил, со ловоров венец на глава. Панделките, со кои венецот е врзан на темето, се јавуваат во две основни форми, кај кои предната панделка е положена напред преку десното рамо, а што се однесува до задната, таа: или е завиткана назад нагоре, или вертикално паѓа надолу. При најголем број монети застапена е првата варијанта[2].

---

[1] Истата година потпишаната ги завела монетите во привремената регистарска книга на Историската збирка во Гевгелија. Сега тие се наоѓаат во Градската библиотека.

[2] Другата варијанта ја имаме само кај броевите: 15—17, 33, 34, 43, 49, 50, 67, 94—100, 105, 109, 110, 111, 117. Која варијанта имаме кај бр. 25—32, 46, 60, 63, 74 и 80 не би можеле да кажеме, бидејќи монетите се изгубени.

Положбата на печатите по правило во сите ковници е ↑↑, или ↑↓, со незначителни отстапувања. Првата положба ја имаме кај 41[3], а другата кај 63 монети[4].

Во однос на иконографијата на императорите ќе речеме само, без навлегување во подробностите, дека депово содржи доста примери на замена на нивните образи, што е наполно во согласност со заклучоците до коишто одамна е дојдено по однос на ова прашање. Имено, установено е дека ликовите на императорите од крајот на III и почетокот на IV век, на монетите ковани во нивно име, не претставуваат секогаш реални портрети и дека еден ист император можел да биде предаден со повеќе различни образи, или повеќе императори со еден ист[5].

Легендите што ги читаме на аверсот од монетите се следните:

Diocletianus

1. IMP C C VAL DIOCLETIANVS P F AVG
2. IMP C DIOCLETIANVS P F AVG
3. IMP DIOCLETIANVS P F AVG

Maximianus

1. IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG[6]
2. IMP C MAXIMIANVS P F AVG
3. IMP MAXIMIANVS P F AVG

Constantius

1. FL VAL CONSTANTIVS NOB CAES

Galerius

1. GAL VAL MAXIMIANVS NOB CAES
2. GAL VAL MAXIMIANVS NOB C
3. MAXIMIANVS NOB CAES

На реверсите од монетите ги имаме следните легенди:

1. GENIO POPVLI ROMANI
2. GENIO AVGG ET CAESARVM NN
3. SACRA MONET AVGG ET CAESS NOSTR
4. SACRA MON VRB AVGG ET CAESS NN
5. SALVIS AVGG ET CAESS AVCTA KART

---

[3] Тоа се броевите: 1—5, 7, 9—11, 13, 17, 19, 21—22, 34, 40—41, 43, 49, 51, 55, 62, 67, 73, 77—78, 86, 89, 97—102, 109, 113—114, 93, 118.

[4] За монетите со следните броеви: 25—32, 46, 60, 63, 74, 80 не располагаме со податоци.

[5] Jules Maurice, Numismatique constantinienne, Paris , T.

Легендата GENIO POPVLI ROMANI е облигатна на сите монети од првите емисии на Диоклецијановите фолеси, а се среќава и подоцна. Таа е кај нас разделена на следните начини: GENIO POPV-LI ROMANI[7], GENIO POPV-L-I ROMANI[8] и GENIO POP-VLI ROMANI[9]. На сите монети што ја имаат оваа легенда[10], Генијот е претставен со modius на глава и со патера во десната а cornucopiae во левата рака. Истата фигура ја имаме и на монетите брр. 11—12, кои на аверсот ја носат легендата GENIO AVGG ET CAESS NN. Врз едната од монетите на Диоклецијан, ковани во Аквилеја, покрај десната нога на Генијот претставен е запален жртвеник, што укажува на императорски култ, за чие исполнување бил задолжен Concilium Provinciae кој постоел во Аквилеја (бр. 94, Т. II).

Во врска со претставата на Генијот треба да се посочи еден значаен детаљ на кој Cohen воопшто не му обрнува внимание, а кој, според нашиот познат нумизматичар А. Јелочник, е исто така една од карактеристиките на првите емисии фолеси. Тој се состои во тоа што врз монетите од ковниците поместени источно од Сисција, од патерата се излева жртвена течност, додека на оние, што биле исковани во самата Сисција, како и западно од неа, тоа не се забележува[11].

На монетите со легендите: SACRA MONET AVGG ET CAESS NOSTR (бр. 97 — 99, 111, 117 претставена е Монета со вага во десната рака и рогот на изобилието во левата. Врз монетата што ја носи легендата SALVIS AVGG ET CAESS AVCTA KART ја имаме претставата на персонификација на Картага (бр. 116, Т. IV).

Легендите: IMP MAXIMIANVS P F AVG и IMP C MAXIMIANVS P F AVG кои се наоѓаат на аверсот од некои монети ковани во Аквилеја, Сисција и Картага, Cohen ги цитира како спорни, при што забележува дека повеќемина нумизматичари ги припишуваат на императорот Максимијан Херкулиј, како што го прави тоа, впрочем и тој сам[12]. И во овој скромен каталог постапено е така. Сепак ќе напомнеме уште дека спомнатата монета од Картага (br. 116) според J. Maurice би требала да му се припише на императорот Галериј[13]. Што се однесува до ликовите, на монетите од Аквилеја и Картага е претставен само Максимијан Херкулиј, додека на оние од Сисција главно Диоклецијан.

---

[7] Броеви: 5, 7—10, 24, 28—30, 34, 36—40, 44—45, 51, 54, 56, 58, 76, 85 91—94, 95, 96, 109, 110, 113.

[8] Броеви: 4, 15—23, 25—27, 31—35, 41—43, 47—50, 52—53, 55, 57, 61—90, 106. Во овој случај буквата L се наоѓа помеѓу главата на Гениијот и cornucopiae.

[9] Броеви: 92, 102—105, 107, 108, 112, 114, 115.

[10] Henri Cohen, Description historique des monnaies frappées sous l'Empire, Romain, Paris, vol. VI (1886) и VII (1888).

[11] A. Jeločnik, Prvi *follesi* iz kovnice Siscia, Numizmatički vestnik. Ljubljana 1958, I, str. 5 и 8.

[12] Cohen, op. cit.

[13] J. Maurice, op. cit. Според неговото мислење во прашање е I емисија од II тетрархија. Во времето кога оваа емисија била кована, а тоа можело да биде од мај 305 до декември 206 година приближно, кога веста за заземањ на Рим од страна на имп. Максенциј можела да пристигне во Картага, Максимијан Херкулиј бил Senior Augustus.

Од приложениот табеларен преглед се гледа дека две третини од монетите се ковани од императорите Диоклецијан и Максимијан Херкулиј, како и тоа дека се тие застапени со приближно еднаков број примероци. Најголем број е кован во Тесалоника, која, наоѓајќи се во провинцијата Македонија, била најмалку оддалечена од античниот град чии остатоци се установени на Исарот[14], со кој била поврзана со одлична комуникациона линија, бидејќи градот бил на познатата магистрала Thessalonica — Scupi, што му овозможувало одржување тесни, како трговски, така и културни, а, сосема разбирливо и политички врски со неа. Не треба да се заборави дека Тесалоника, метрополата на Македонија, во ова време била и седиште на провинциски намесник.

На друго место доаѓа Трачка Хераклеја, која е застапена со 23 монети, а на трето Сисција, која и во ова време била особено значаен економски центар на Балканскиот Полуостров.

Монетите од Кизик, вкупно осум на број, би можеле да послужат како извесен доказ за врските со малоазиските области на Империјата, од каде-треба да се напомене — бил пренесен и култот на Кибела, посведочен во градов со неколку вотивни споменици — се разбира доколку не бил примен преку Римјаните[15].

Сумарната хронологија на депово, на која ќе се ограничиме, е едноставна. Тоа е периодот од 296 година, кога овој вид монети бил воведен од страна на императорот Диоклецијан, до 1 мај 305 година, кога тој и неговиот корегент Максимијан Херкулиј абдицирале, што го претставува крајот на Првата, а почетокот на Другата тетрархија. Меѓутоа, ако монетата бр. 116 навистина би требала да му се припише на императорот Галериј, како што мисли J. Maurice, тогаш terminus post quem за закопување на депово би бил приближно или декември или крајот на 306 година, кога најдоцна таа можела да биде емитирана[16].

Каква била причината што го принудила сопственикот на монетиве толку внимателно да ги скрие в земја и кога можело тоа да стане? Со барање на одговорот на ова прашање немаме намера да се зафаќаме од едноставната причина што располагаме само со нешто повеќе од половината на депото, па не можеме да се здобиеме со точна претстава за неговата вистинска содржина.

---

[14] Според нашето мислење Идомене (cf. Грчки натпис са архитрава једног храма из села Марвинаца, Жива антика XV—I, Скопје 1965, 142 ss; Извештај о археолошком ископавању код села Марвинаца, Годишен зборник на Филоз. факултет 19, Скопје 1967, стр. 307 ss.

[15] Во градот имало доселени Римјани, чиј конвент се споменува во еден грчки натпис, датиран во времето помеѓу 41 и 44 година од н. ера, објавен од потпишаната во Жива антика IX (1959), 285 ин. (База са посветом П. Мемију Регулу), а како што е познато култот на Кибела Римјаните беа го примиле официјално уште во 204 година пред н. ера.

[16] В. нота 13.

Завршувајќи ја оваа статија не треба да пропуштиме а да не наспоменеме дека публикуваните монети не претставуваат единствено депо монети од овој вид во Македонија. Нузмизматичката збирка при Археолошкиот музеј во Скопје располага со тројно поголемо депо фолеси од I и II тетрархија, пронајдено случајно уште во 1950 година во селото Петралица — Кривопаланечко, за кое од страна на потпишаната во свое време беше даден и еден краток извештај, а кое наскоро ќе биде предмет на еден друг, поопсежен труд[17].

[17] Депо на римски монети од с. Петралица, Весник на Музејско-козерваторското друштво на НРМ I, Скопје 1953, стр. 3 и д.

# КАТАЛОГ — CATALOGUE

## ANTIOCHIA

Gal. Val. Maximianus

1. GAL VAL MAXIMIANVS NOB CAES
   GENIO POPVLI ROMANI

| | |
|---|---|
| | H |
| K | V |
| A NT | |

Coh. 78

## ALEXANDRIA

M. A. Val. Maximianus

2—3 IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

| | | | |
|---|---|---|---|
| | A | | Д |
| XXI | | XXI | |
| A LE | | A LE | |

Coh. 184

Fl. Val. Constantius

4. FL VAL CONSTANTIVS NOB CAES
   GENIO POPVLI ROMANI

| | |
|---|---|
| | Д |
| S | P |
| A LE | |

Coh. 89

## CYZICVS

C. Val. Aur. Diocletianus

5—6 IMP C C VAL DIOCLETIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

$\overline{\text{KΓ}}$ Coh.106

M. A. Val. Maximianus

7—10. IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

$\overline{\text{KЄ}}$, $\overline{\text{KД}}$ Coh. 184

Fl. Val. Constantius

11. FL VAL CONSTANTIVS NOB CAES
GENIO AVGG ET CAESARVM NN

$\overline{\text{KB}}$ Coh. 58

Gal. Val. Maximianus

12. GAL VAL MAXIMIANVS NOB CAES
GENIO AVGG ET-CAESARVM NN

$\overline{\text{KA}}$ Coh. 39

## THESSALONICA

C. Val. Aur. Diocletianus

13—32. IMP C C VAL DIOCLETIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

$\frac{|\,\Gamma}{\text{TS}}$, $\frac{|\,\Gamma}{\cdot\text{TS}\cdot}$, $\frac{}{\cdot\text{TSA}\cdot}$, $\frac{}{\text{TSA}}$, $\frac{}{\cdot\text{TSB}\cdot}$, $\frac{}{\text{TSB}}$ Coh. 106

M. A. Val. Maximianus

33—48. IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

·TSA·, TSA, TSB, ·TSB·, |Γ ·TS·, |Д ·TS· — Coh. 184

Fl. Val. Constantius

49—52. FL VAL CONSTANTIVS NOB CAES
GENIO POPVLI ROMANI

·TSA·, |Γ TS, |Γ ·TS· — Coh. 89

Gal. Val. Maximianus

53—67. GAL VAL MAXIMIANVS NOB CAES
GENIO POPVLI ROMANI

·TSA·, TSA, TSB, ·TSB·, |Γ ·TS·, |Д ·TS·, |Є TS — Coh. 78

## HERACLEA

C. Val. Aur. Diocletianus

68—77. IMP C C VAL DIOCLETIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

HTA, HTB, HTΓ, HTΔ, HTЄ, HB — Coh. 106

M. A. Val. Maximianus

78—86. IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

HTB, HTΓ, HTΔ, HTЄ, HT(?) — Coh. 184

Gal. Val. Maximianus

87—90. GAL VAL MAXIMIANVS NOB CAES
GENIO POPVLI ROMANI

$\frac{}{\text{HTB}}$, $\frac{}{\text{HT}\Delta}$, $\frac{}{\text{HT}\epsilon}$ Coh. 78

## ROMA

C. Val. Aur. Diocletianus

91. IMP C DIOCLETIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

$\frac{}{\text{R*}}$ Coh. 101

M. A. Val. Maximianus

92. IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

$\frac{\text{R} \mid}{\Delta}$ RIC, T. VI, 357, br. 63

Gal. Val. Maximianus

93. MAXIMIANVS NOB CAES
GENIO POPVLI ROMANI

$\frac{\text{R} \mid}{\Delta}$ RIC, T. VI, 358, br. 67b

## AQVILEIA

C. Val. Aur. Diocletianus

94—95 . IMP DIOCLETIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

$\frac{}{\text{AQP}}$ Coh. 117 i 94

M. A. Val. Maximianus

96. I IMP MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

——
AQS — Coh. 159

97—99 II IMP MAXIMIANVS P F AVG
SACRA MONET AVGG ET CAESS NOSTR

| II
——
AQS — Coh. 504

Gal. Val. Maximianus

100. MAXIMIANVS NOB CAES
SACRA MON VRB AVG ET CAESS NN

| *
——
AQ — Coh. 189

## SISCIA

C. Val. Diocletianus

101—103 IMP C DIOCLETIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

| B    | Γ
——    ——
*SIS    *SIS — Coh. 101

M. A. Val. Maximianus

104—110. I IMP C MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

| B,    | Γ,    ,    * |
——    ——    ——    ——
*SIS    *SIS    S—    S T· — Coh. 79

111. II IMP MAXIMIANVS P F AVG
SACRA MONET AVGG ET CAESS NOSTR

* | Г
SIS — Coh. 504

Gal. Val. Maximianus

112. I GAL VAL MAXIMIANVS NOB C
GENIO POPVLI ROMANI

| B
*SIS — Coh. 75

113—115. II MAXIMIANVS NOB CAES
GENIO POPVLI ROMANI

| A , B, Г
*SIS — Coh. 56

## KARTHAGO

M. A. Maximianus

116. IMP MAXIMIANVS P F AVG
SALVIS AVGG ET CAESS AVCTA KART

B — Coh. 509

## TICINVM

C. Val. Aur. Diocletianus

117. IMP C DIOCLETIANVS P F AVG
SACRA MONET AVGG ET CAESS NOSTR

PT· — RIC VI, 286, br. 45a[18]

[18] За идентифицирање на ковницата кај монетите бр. 92, 93 и 117 и по овој пат му се заблагодарувам на др. М. Васиќ.

Фотографиите се од Димче Черњаковски, фотограф при Археолошкиот музеј во Скопје.

Neidentificirana kovnica[19]

M. A. Val. Maximianus

118. IMP C M A MAXIMIANVS P F AVG
GENIO POPVLI ROMANI

[19] Сигнатура на ковницата потполно е излизана.

* Кон каталогот приложен е и регистарот на монетите со метролошки податоци и потполни сигнатури на секоја една монета, со цел да се добие точна претстава за поедини емисии и официни.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | 106 | 9 | 27 | ΚΓ | 20. | 90 | 10 | 26 | ·TSA· |
| 6. | 107 | 10 | 27 | ΚΓ | 21. | 91 | 9 | 26 | ·TSA· |
| 7. | 53 | 9 | 28 | Κ∈ | 22. | 93 | 10 | 28 | ·TSA· |
| 8. | 54 | 9,5 | 26 | Κ∈ | 23. | 94 | 10 | 26 | ·TSA· |
| 9. | 55 | 10 | 27 | Κ∈ | 24. | 92 | 9 | 26 | TSA |
| 10. | 56 | 11 | 27 | ΚΔ | 25. | 96 | 9,5 | 26 | ·TSB· |
| 11. | 78 | 9 | 29 | ΚΒ | 26. | 95 | 10 | 28 | TSB |
| 12. | 22 | 9,5 | 27 | ΚΑ | 27. | 97 | 10 | 28 | TSB |
| 13. | 84 | 10 | 26,5 | Γ / TS | 28. | 98 | 10,5 | 28 | TSB |
| | | | | | 29. | 99 | 10,5 | 27 | TSB |
| 14. | 87 | 9,5 | 27 | Γ / TS | 30. | 100 | 10,5 | 29 | TSB |
| | | | | | 31. | 101 | 10 | 28,5 | TSB |

| Реден број | Регист. бр. | Тежина во грамови | Дијаметар | Сигнатура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | 1 | 10 | 27 | K \| H V / ANT |
| 2. | 40 | 10 | 27 | XXI \| A / ALE |
| 3. | 39 | 10 | 25 | XXI \| Д / ALE |
| 4. | 75 | 10 | 25 | S \| Д P / ALE |

| Реден број | Регист. бр. | Тежина во грамови | Дијаметар | Сигнатура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 15. | 85 | 11 | 27 | \| Г / ·TS· |
| 16. | 86 | 11 | 27 | \| Г / ·TS· |
| 17. | 108 | 9 | 27 | \| Г / ·TS· |
| 18. | 88 | 11 | 26 | / ·TSA· |
| 19. | 89 | 9,5 | 27 | / ·TSA· |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 32. | 102 | 10 | 26 | TSB |
| 33. | 31 | 9 | 27 | ·TSA· |
| 34. | 32 | 10 | 27 | ·TSA· |
| 35. | 33 | 11 | 26 | ·TSA· |
| 36. | 29 | 10 | 29 | TSA |
| 37. | 30 | 10 | 27 | TSA |
| 38. | 34 | 11 | 28 | TSB |
| 39. | 35 | 9 | 27 | TSB |
| 40. | 36 | 10 | 27 | TSB |
| 41. | 38 | 11 | 28 | TSB |
| 42. | 37 | 11 | 26 | ·TSB· |
| 43. | 27 | 9,5 | 27 | Г / TS |
| 44. | 25 | 10 | 29 | Г / TS |
| 45. | 26 | 10 | 28 | Г / TS |
| 46. | 28 | 10 | 27 | Г / TS |
| 47. | 23 | 10 | 26 | Д / ·TS· |
| 48. | 24 | 9 | 27 | Д / ·TS· |
| 49. | 73 | 11 | 27 | ·TSA· |
| 50. | 74 | 10 | 26 | Г / TS· |
| 51. | 77 | 10 | 28 | Г / TS |
| 52. | 76 | 9 | 26 | Г / ·TS· |
| 53. | 7 | 9 | 25 | ·TSA· |
| 54. | 8 | 11 | 28 | TSA |
| 55. | 9 | 10 | 28 | TSA |
| 56. | 10 | 10 | 28 | TSB |
| 57. | 11 | 10 | 28 | TSB |
| 58. | 12 | 9 | 27 | TSB |
| 59. | 13 | 10 | 28 | TSB |
| 60. | 16 | 11 | 27 | TSB |
| 61. | 14 | 10 | 27 | ·TSB· |
| 62. | 15 | 10 | 29 | ·TSB· |
| 63. | 2 | 10 | 28 | Г / ·TS· |
| 64. | 3 | 10 | 29 | Г / ·TS· |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 65. | 4 | 11 | 28 | Г / ·TS· |
| 66. | 6 | 9 | 26 | Д / ·TS· |
| 67. | 5 | 11 | 26 | Є / ·TS· |
| 68. | 109 | 9 | 27 | НТА |
| 69. | 110 | 10 | 26 | НТВ |
| 70. | 111 | 11 | 26 | НТВ |
| 71. | 103 | 10 | 27 | НТГ |
| 72. | 104 | 10 | 27 | НТГ |
| 73. | 105 | 9 | 26 | НТГ |
| 74. | 114 | 10,5 | 27 | НТГ |
| 75. | 112 | 12 | 26 | НТД |
| 76. | 113 | 10 | 26,5 | НТЄ |
| 77. | 115 | 10 | 26 | НВ |
| 78. | 46 | 9 | 28 | НТВ |
| 79. | 47 | 10 | 27 | НТВ |
| 80. | 48 | 10 | 28 | НТВ |
| 81. | 58 | 12 | 26 | НТВ |
| 82. | 49 | 10 | 27 | НТГ |
| 83. | 59 | 10 | 27 | НТГ |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 84. | 51 | 10 | 26 | НТД |
| 85. | 50 | 10 | 27 | НТЄ |
| 86. | 57 | 10 | 28 | НТЄ |
| 87. | 18 | 9 | 26 | НТВ |
| 88. | 20 | 8 | 27 | НТΔ |
| 89. | 21 | 9 | 27 | НТΔ |
| 90. | 19 | 9,5 | 28 | НТЄ |
| 91. | 117 | 9 | 28 | R* |
| 92. | 52 | 9 | 28 | R / Δ |
| 93. | 118 | 9 | 25 | R / Δ |
| 94. | 79 | 10 | 25 | AQP |
| 95. | 80 | 12 | 29 | AQP |
| 96. | 61 | 8 | 26 | AQS |
| 97. | 62 | 10 | 28 | II / AQS |
| 98. | 63 | 10,5 | 28 | II / AQS |
| 99. | 64 | 11 | 28 | II / AQS |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 100. | 71 | 10 | 27 | * / AQ |
| 101. | 81 | 10 | 27 | B / *SIS |
| 102. | 82 | 9 | 27 | Г / *SIS |
| 103. | 83 | 10 | 27 | Г / *SIS |
| 104. | 41 | 10,5 | 28 | B / *SIS |
| 105. | 42 | 9 | 28 | B / *SIS |
| 106. | 65 | 11 | 28 | B / *SIS |
| 107. | 43 | 11 | 29 | Г / *SIS |
| 108. | 44 | 10 | 26 | Г / *SIS |
| 109. | 70 | 10 | 28 | S — |
| 110. | 69 | 9 | 27 | * / ST· |
| 111. | 45 | 8 | 26 | * Г / SIS |
| 112. | 17 | 11 | 26 | B / *SIS |
| 113. | 68 | 9 | 27 | A / *SIS |
| 114. | 66 | 10 | 26 | B / *SIS |
| 115. | 67 | 9 | 27 | Г / *SIS |
| 116. | 72 | 8,5 | 26 | B |
| 117. | 116 | 9,5 | 26 | PT· |
| 118. | 60 | 10 | 28 | |

| Kovnica | Diocletianus | Maximianus | Galerius | Constantius | |
|---|---|---|---|---|---|
| Antiochia | — | — | 1 | — | 1 |
| Alexandria | — | 2 | — | 1 | 3 |
| Cyzicus | 2 | 4 | 1 | 1 | 8 |
| Thessalonica | 20 | 16 | 15 | 4 | 55 |
| Heraclea | 10 | 9 | 4 | — | 23 |
| Roma | 1 | 1 | 1 | — | 3 |
| Aquileia | 2 | 4 | 1 | — | 7 |
| Siscia | 3 | 8 | 4 | — | 15 |
| Carthago | — | 1 | — | — | 1 |
| Ticinum | 1 | — | — | — | 1 |
| Neidentificirana | — | 1 | — | — | 1 |
| | 39 | 46 | 27 | 6 | 118 |

*Borka Dragojević—Josifovska*

## UN PETIT DÉPÔT DE FOLLES PROVENANT DE MARVINCI

*Résumé*

A la Bibliothèque nationale de la ville de Gevgelija se trouve une collection de monnaies romaines, qui compte 118 pièces. Elles proviennent du village Marvinci, au Nord de Gevgelija, où en 1938 furent fortuitement découvertes dans un petit récipient de terre cuite, qui n'est pas conservé. Il s'agit de monnaies de cuivre — *folles* de Dioclétien et de ses co-régents: Maximien, Constance I Chlore et Galère. Les ateliers monétaires, d'où proviennent les monnaies reproduites, sont les suivants: *Antiochia, Alexandria, Cysicus, Thessalonica, Roma, Aquileia, Siscia, Karthago, Ticinum.*

Chronologiquement, puisqu'il s'agit seulement de la I tétrarchie (excepté peut-être le n° 116), ces monnaies comprennent un éspace de 9 ans (296—305). La monnaie n° 116 provient probablement de l'année 306.



6



15



18



72



77



91



94



101



103



117



3



8


41


45


92


98


105


109



110



116



4



49



51



1



112



113



114



87



93



100